# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 8 октомври 1960
Скопје
Број 33 Год. XVI

Претплатата за 1960 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**262.**

На основа член 6 став 1 од Законот за основните услови за зидање згради, Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет во согласност со Советот за социјална политика и комунални прашања на Народна Република Македонија и Советот за народно здравје на Народна Република Македонија, пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ЅИДАЊЕ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ НА СЕЛО

Член 1

Одобрение за ѕидање на станбени згради на село се издава по постапката пропишана со овој правилник.

Член 2

Под село во смисла на одредбите на овој правилник, ќе се подразбираат сите населени места освен градовите, без оглед дали за изградба на градежни објекти и работи во тие места се применуваат одредбите на Уредбата за градење.

Член 3

Во населените места (селата) каде за изградба на градежни објекти и работи не е потребна градежна дозвола, за ѕидање на станбени згради потребно е да се прибави одобрение.

Одобрението од претходниот став го издава органот на управата надлежен за работите на градежништвото на народниот одбор на општината.

Член 4

Кон поднесокот за издавање на одобрение од претходниот член се прилага и тоа:

1. Скица или типски проект одреден од народниот одбор на општината;

2. Копие од катастарскиот план со точна ознака на парцелата, комшиите, положбата на зградата која се гради, бунарот, ѓубриштето, помијарата и свињарникот.

За населените места каде непостои катастарски план странката ќе приложи скица на парцелата од точ. 2.

Член 5

Со одобрението од чл. 3 на овој правилник се одредува ѕидањето на станбената зграда и утврдува дека истата одговара на условите пропишани со Законот за основните услови за ѕидање на згради и Правилникот за основните услови за изградба на нужници и буништа.

Член 6

Одобрението од претходниот член органот на управата надлежен за работите на градежништвото на народниот одбор на општината го издава во форма на решение.

Член 7

Против решението од претходниот член може да се изјави жалба во срок од 15 дена до органот на управата надлежен за работи на градежништвото во народниот одбор на околијата.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Број 03-2336/58
23-VII-1960 година
Скопје

Секретар
за индустрија на ИС,
**Благој Попов,** с. р.

---

**263.**

На основа член 6 став 1 од Законот за основните услови за ѕидање згради и точка в) од став 1 на чл. 3 од Основниот закон за прекршоците, Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет во согласност со Советот за народно здравје на Народна Република Македонија, Советот за социјална политика и комунални прашања на Народна Република Македонија и Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ОСНОВНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА НА НУЖНИЦИ И БУНИШТА

Член 1

Новоизградените станбени згради како и постојните станбени згради во населените места мора да имаат уредени нужници и буништа што одговараат на условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Одредбите од овој правилник се однесуваат на изградбата на нужниците и буништа на село.

Под село во смисла на одредбите на овој правилник се подразбираат сите населени места освен градовите, без оглед дали за изведување на градежните објекти и работи во тие места се применуваат одредбите на Уредбата за градење.

Член 3

Нужниците во населените места каде што нема водсводна инсталација во зградите мора да се постават во дворот и тоа зад станбената зграда а не према улицата или уличната линија.

Во населените места каде што има водовод и канализација нужникот по правило треба да биде во состав на станбената зграда.

Нужниците мора да имаат најмала височина од подот до плафонот 2,20 м и отвор за вентилација и светлост.

Секој нужник треба да биде поврзан со канализација или нужничка јама.

За нужничко душеме не може да се користи поклопната плоча над нужниците т.е. над нужничката јама, веќе треба да се направи посебно бушење со дупка поврзана со стрм канал со нужничката јама, односно канализацијата.

Проветрувањето на јамата и одводниот канал треба да се врши преку нужничкиот канал и вентилационата цевка.

Нужничката јама мора да биде ѕидана со камен или набивен бетон добро покриена и затворена, а оддалечена најмалку 10 м. од бунарот и 4 м. од станбената зграда.

Член 4

Изградените нужници на уличната линија мора да се изместат и постават зад станбените згради во роковите определени од Советот надлежен за работите на градежништвото на народниот одбор на општината.

Член 5

Нужниците треба да бидат зидани од тула, камен или плитар и малтерисани и варосани, или само варосани.

Член 6

За нечистата вода мора да се направи посебна дупка (помијара) која треба да биде озидана и покриена.

Помијарата треба да се постави најмалку 4 м. од зградата на живеењето. Пред помијарата ќе се созида сливник снабден со решетка и водни сифон. Каде што има можност помијарата треба да биде снабдена со вентилација.

Една помијара може да се изгради на повеќе станбени згради.

Член 7

Ѓубриштата (бунииштата) во колку ги има во дворилштата, треба да се оддалечени најмалку 8 метра од станбената зграда, а 10 м. низводно од бунарот.

Ѓубриштата ќе се направат од камен или набивен бетон под нивото на теренот и со калдармисано дно.

Член 8

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок:

1) Кој во рокот одреден од советот надлежен за работи на градежништвото на народниот одбор на општината не го премести нужникот зад станбената зграда.

2) Кој зида нужник противно на одредбите на овој правилник.

Доколку прекршокот од претходниот став го изврши стопанска или општествена организација или друго правно лице ќе се казни со парична казна до 50.000 динари, а одговорното лице во организацијата односно правното лице со казна до 5.000 динари.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 03-2336/58
23-VII-1960 година
Скопје

Секретар
за индустрија на ИС.
**Благој Попов,** с. р.

**264.**

## ОБЈАВА
### ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА ПРОСВЕТА НА НРМ ИЗБРАНИ ОД САМОУПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ОДНОСНО СТРУЧНИ И ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОД ОКОЛИСКИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРОСВЕТА

На основа член 15 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија, Секретаријатот на Советот за просвета на НРМ објавува:

I — Поради отповикување односно заминување на други должности им престанал мандатот на следните членови на Советот за просвета на НРМ избрани од самоуправните установи односно стручни општествени организации и околиските совети за просвета:

— Шуковиќ Милош, учител — претставник на Републичкиот одбор на Здружението на учителите, наставниците и професорите на Македонија;

— Спировски д-р Борис, лекар — претставник на Здружението на лекарите на Македонија;

— Унковска Лилјана, воспитач — претставник на Советот на друштвата за грижи и воспитување на децата и младината на Македонија;

— Томиќ Мирко, инженер — претставник на Сојузот на друштвата на инженерите и техничарите на Македонија;

— Стаматов Коце, директор на Претпријатието „Ангротекстил — Скопје, претставник на Трговската комора на НРМ;

— Петровски Страхил, службеник — претставник на Занаетчиската комора на НРМ;

— Марковски Богоја, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Охридска околија;

— Петрова Деса, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Титоввелешка околија;

— Митевски Теодос, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Кумановска околија;

— Донев Киро, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Штипска околија;

— Грујоски Чедомир, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Тетовска околија.

II — Од страна на определените самоуправни односно стручни и општествени организации како и околиските совети за просвета за членови на Советот за просвета на НРМ се избрани следните претставници на тие установи односно организации и совети:

— Тодоровски Блаже, претставник на Синдикатот на просветните и научни работници на Југославија — Републички одбор за Македонија;

— Стаматов Коце, претставник на Трговската комора на НР Македонија;

— Илиев инж. Александар, претставник на Сојузот на друштвата на инженерите и техничарите на Македонија;

— Хрисохо д-р Димитар, претставник на Здружението на лекарите на Македонија;

— Ничковиќ Раде, претставник на Советот на друштвата за грижи и воспитување на децата и младината на Македонија;

— Петровски Страхил, претставник на Занаетчиската комора на НР Македонија;

— Николов Драган, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Титоввелешка околија;

— Исмани Назми, претставник на Советот за просвета на Народниот одбор на Тетовска околија;

— Стојановски Владо, претставник на Советот за просвета на Охридска околија;

— Глигоров Иван, претставник на Советот за просвета на Штипска околија;

— Димовски Драгољуб, претставник на Советот за просвета на Кумановска околија.

Бр. 08-301/1
29 април 1960 година
Скопје

**Од Секретаријатот на Советот за просвета на НРМ**

# Огласен дел

## КОНКУРСИ

### КОМИСИЈАТА ЗА СЛУЖБЕНИЧКИ РАБОТИ НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНА ИДАДИЈА СКОПЈЕ

**распишува**

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на работното место: началник на Одделението за Општествени служби на Народниот одбор на општина Идадија — Скопје.

УСЛОВИ: Кандидатите да имаат завршено висока или виша стручна спрема, најмалку 3 години служба на раководни места и положен стручен испит за звањето.

На примениот кандидат, ако нема стан, во блиска иднина Општината ќе му обезбеди.

Молбите со потребните документи согласно чл. 31 од Законот за јавните службеници, како и доказ за работниот стаж да се доставуваат до Комисијата за службенички работи на Народниот одбор на општина Идадија — Скопје.

Конкурсот ќе трае до пополнување на работното место. (1446)

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-XII-1959 година на страна 278, рег. бр. 1 е запишано под фирма: Претпријатие за преработка на грозје и овошје „Вино-Струмица", во изградба, со седиште во с. Василево, Струмица. Предмет на работењето на претпријатието е: преработка на грозје во вино, гроздови сокови, ракија и преработка на овошје во овошни сокови.

Претпријатието е основано со решението на Народниот одбор на општината Струмица бр. 05-2172/1 од 6-XI-1959 година.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Васил Стојанов Кацаров.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 286/59. (957)60

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-VII-1959 година под рег. бр. 11/57, свеска III е запишано следното: Градежно занаетчиската задруга „Фасадер", Охрид, покрај останатите потписници, ќе ја потпишуваат Размовски Анастас, техничар, и Наумовски Климе, шеф на книговодството.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 322/59. (1560)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-VII-1959 год. под рег. бр. 21, свеска IV е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Јаневски Васил. Отсега Земјоделската задруга „Јован Малинајдовски", с. Крани, Охридско, ќе ја потпишуваат овластените лица Јонче Костовски и Аслан Велиовски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 331/59. (1561)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-VII-1959 година под рег. бр. 39/55, свеска II е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата бр. 1 од Прилеп, во состав на Трговското претпријатие „3-ти ноември" — Прилеп, и ќе гласи: промет на мало со моторни возила, резервни делови и прибор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 326/59. (1562)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-VII-1959 година под рег. бр. 39/55, свеска II е запишано следното: Се проширува дејноста на

Продавницата бр. 2 од Прилеп на Трговското претпријатие „3-ти ноември“, Прилеп, и ќе гласи: промет на мало со галантериска, базарска стока и играчки, производи од гума, каучук и пластична маса.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 327/59. (1563)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-VII-1959 год. под рег. бр. 72, свеска III е запишано следното: Цутески Бошко, досегашен директор на Услужното претпријатие за книговодство „Книговодител“, Струга е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување. За в. д. директор на претпријатието е назначен Ило Баловски, кој ќе го потпишува истото.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 315/59. (1564)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 44, страна 109 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговскиот дуќан за промет со градежен материјал и огрев на мало „Огрев“ — Гевгелија, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија бр. 04-3468/I од 27-V-1959 година е припоен кон Претпријатието „Караорман“ — Гевгелија, сметано од 27-V-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 583/59. (1570)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 215 на страна 573 е запишано следното: Прокопиев Михајло, досегашен потписник на Претпријатието за извоз и увоз на тутун „Македонија“ — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на претпријатието е назначена Зора Трајкова Стојанова, раководител на финансовото книговодство, која претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници: Димитар Шеќерински, Виктор Ламков, Патче Ламбро, Милошевски Јордан, Митов Игнат, Дамевски Васко и Гуневски Стеријо.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 628/59. (1576)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 72, страна 253 е запишано следното: Петар Тодоров, досегашен раководител на Општиот деловен сојуз на земјоделските задруги Валандово — Погон „Механизација“, транспорт и услуги, Валандово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на погонот е назначен Милован Недиќ, кој погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 7-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 657/59. (1599)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 46 на страна 149 е запишано следното: Досегашните потписници на Земјоделската задруга „Нова основа“, с. Негорци — Гевгелија и тоа: Кирил Атанасов, претседател, Кирил Митров, член на управниот одбор, и Миро Начев, член на управниот одбор, се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се назначени следните лица: Ангел Петров Петров, управник на задругата, назначен со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија бр. 3807/1 од 1-VIII-1959 година, и книговодителот на задругата Илија Т. Петров. Тие задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, сметано од 3-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 632/59. (1603)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 76, страна 195 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Трговското претпријатие на големо „Агропромет“ — Куманово: директорот Владо Стојменовски и шефот на сметководството Ненад Поповски, претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето и новоназначениот шеф на комерцијалната служба Јани Шаиновски, сметано од 11-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 664/59. (1612)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 66, страна 259 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 6613/1 од 17-IV-1959 година Димковски Крстев Душко, досегашен управник на Земјоделската задруга „Нагоричко Поле“, с. Мало Нагоричане, Кумановско, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник в. д. управник на задругата со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 6005/1 од 17-IV-1959 год. е назначен Благој Поповски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник книговодителот Саво Атанасовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 683/59. (1613)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 8 на страна 23 е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 12425/1 од 17-VI-1959 год. Бошко Зизовски, досегашен директор на Градежното претпријатие „Козјак“ — Куманово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 12426/1 од 17-VII-1959 год. за директор на претпријатието е назначен инженерот Цветко Јакимовски. Тој претпријатието ќе го пот-

пишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници и тоа: Владо Поповски, раководител на монтажниот погон, и Марковски Стојан, книговодител, сметано од 31-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 696/59. (1614)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 54, страна 181 е запишано следното: Досегашните потписници на Лозаро-овоштарската задруга „Кавадарски грозд" — Кавадарци Блажо Саздов и Здраве Каров се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

Лозаро-овоштарската задруга „Кавадарски грозд" — Кавадарци ќе ја потпишуваат директорот Илфијадо Костов со новоназначените потписници Петар Николовски, книговодител, и Лазе Масларков, службеник.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 612/59. (1618)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 318, страна 831 е запишано следното: Согласно со решението на Извршниот совет на НРМ — Скопје бр. 09-1188/1 од 2-VII-1959 година Електричното претпријатие „Скопје" — Скопје престана со дејноста пренос и трансформација на електрична енергија, а му останува во иднина дејноста производство на електрична енергија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 362/59. (1626)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 85 на страна 245 е запишано следното: Измирлиев Киро, инж., досегашен директор на „Југопроект" — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен инженер Александар Поповиќ, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначениот шеф на сметководството Загорка Беака.

На Радица Бугариска ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 662/59. (1627)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 415 на страна 116 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието за промет со индустриско-прехранбени производи и предмети за куќни потреби на мало „Солнце" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 10153/1 од 14-VII-1959 год. е припоено кон Претпријатието-дуќан за колонијал „Победа" — Скопје, сметано од 1-VII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 639/59. (1628)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 354, страна 939 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 10153/1 од 14-VII-1959 година кон Претпријатието-дуќан за колонијал „Победа" — Скопје е припоено Претпријатието за промет со индустриско-прехранбени артикли и предмети за куќни потреби на мало „Солнце" — Скопје, сметано од 1-VII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 640/59. (1629)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 58, страна 231 е запишано следното: Досегашните потписници на Задружниот деловен сојуз за сточарство на НРМ „Стококооп" — Скопје и тоа: Ристо Бужаревски и Милан Крцковски се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на Сојузот се назначени следните лица: инж. Томовски Киро, управник — главен директор на сојузот, и Теофиловски П. Благоја, директор на сектор. Тие сојузот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со старите потписници Методија Ололовски, комерцијалист, и Доксе Огњановски, кој сега ќе се потпишува во својство на шеф на сметководството, согласно со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 14806 од 10-IX-1957 година, сметано од 13-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 666/59. (1630)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 516, страна 1486 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 1 од 4-XII-1958 година Претпријатието-дуќан за колонијал „Изгрев" — Скопје е припоено кон Трговското претпријатие за трговија со колонијални, прехранбени, мешани, индустриски и други стоки на големо и мало „Центроколонијал" — Скопје, па поради тоа продавницата на улица „Орце Николов" бр. 35 во иднина го менува називот и истиот ќе гласи: „Центроколонијал" трговско претпријатие за трговија со колонијални, прехранбени, мешани, индустриски и други стоки на големо и мало — Скопје — Продавница бр. 35 на ул. „Орце Николов" бр. 140 — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 736/59. (1748)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 31 на страна 81 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Трговското претпријатие „Ангроснабдител" — Куманово и тоа: Методи Петрушев Тасевски, директор, Пауновски Лазо, Мирослав Стојковски и Петковска Бранка, претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раз-

должува во границите на овластувањето и новоназначениот шеф на сметководството Глигор Крстев, сметано од 11-IX-1959 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 755/59. (1753)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 28 страна 109 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Врапчишта бр. 04-161/2 од 18-V-1959 година Земјоделската задруга „Шар“, с. Пожарани, Тетовско, се припојува кон Земјоделската задруга „Враца“, с. Добри Дол, сметано од 18-V-1959 година.

Земјоделската задруга „Шар“, с. Пожарани, се брише од регистарот на задругите, сметано од 18-V-1959 година.

Досегашните потписници на задругата и тоа: Муарем Зекири, Идриз Мурати и Ќемал Асипи се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се избрани следните лица: Рефик Селими, управник, Шулани Осман, книговодител, и Вељановски Мирче, магазионер.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 750/59. (1759)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 747 е запишано следното· Соколовиќ Ѓорѓи, досегашен потписник, книговодител на Земјоделската задруга „Нова Македонија“, с. Агино Село, Кумановска околија, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник, книговодител е назначен Џониќ Глигорије, кој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначениот потписник Тасевски Александар, претседател на задружниот совет, и управникот на задругата Пешевски Трипко, сметано од 7-IX-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 747/59. (1760)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 19, страна 73 е запишано следното: Ристо Јосифовски, книговодител на Земјоделската задруга „Тетовско Поле“ — Тетово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За шеф на сметководството на задругата е назначен Максимовски Драги. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Јаневски Александар, управник, и Воиновски Бранко, сметано од 14-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 667/59. (1766)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува деки во регистарот на стопанските организации на 24-IX-1959 година под рег. бр. 7/56, свеска I го запиша следното: Се проширува дејноста на Трговското претпријатие за промет со кожи и гума на големо и мало „Кожар“ од Битола. Отсега претпријатието ќе ја обавува следната дејност: промет на големо и мало со кожи, седларски и ременски стоки, гума, пластични маси, прибор за чевларски и сарачко-опинчарски занает, производи од гума и кожна галантерија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 406/59. (1781)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-IX-1959 година под рег. бр. 11/59, свеска I е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговскиот дуќан за продажба на селскостопански производи „Исхрана“ од Демир Хисар, Битолска околија. Во иднина дуќанот покрај досегашната дејност ќе врши и продажба на животни намирници и предмети за кујни потреби.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 402/59. (1782)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 25-IX-1959 год. под рег. бр. 35/55, свеска II е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на лицето Ангеле Петрески. Во иднина Земјоделската задруга „М. Ковиловски“, с. Браилово, ќе ја потпишуваат лицата Вељан Милески и Тоде Илиевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 408/59. (1783)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IX-1959 година под рег. бр. 214/55, свеска I е запишано следното: Се проширува дејноста на Претпријатието за производство на ќилими и јамболии од Битола. Во иднина претпријатието ќе ја врши следната дејност: останува дејноста — производство и вршење услуги од килимарскиот и јорганџискиот занает, односно изработка на сите видови килими, теписи и простирки од волна, лен, коноп и други суровини кои се во употреба за работи од овој вид, како и изработка на сите видови јоргани, душеци и перници. Споредна дејност — предење и бојадисување на волна и предиво.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 407/59. (1786)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 12-IX-1959 година под рег. бр. 1/57, свеска V е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на досегашниот управител Цветан Несторовски и Атанас Китаноски. Во иднина Општиот деловен сојуз „Извор“ од Кичево ќе го потпишуваат новоназначениот управник Илија Поповски, а во негово отсуство комерцијалистот Трајче Мицевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 378/59. (1787)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21-IX-1959 година под рег. бр. 93/55, свеска III е

запишано следното: Се брише од регистарот на стопанските организации Занаетчискиот дуќан „Лимон“ од Охрид, бидејќи поради припојувањето кон Задружната млекара „Славеј“, престана со својата самостојна работа.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 379/59. (1788)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-IX-1959 година под рег. бр. 42/55, свеска II е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на досегашниот директор Димче Рочески. Во иднина Претпријатието за снабдување „Исхрана“ од Прилеп ќе го потпишува новоназначениот в.д. директор Блаже Благоевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 394/59. (1789)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-IX-1959 година под рег. бр. 5/59, свеска II е запишано конституирањето на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидарност“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 410/59. (1790)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IX-1959 година под рег. бр. 4/59, свеска II е запишано конституирањето на Услужното коларосковачко претпријатие од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр.409/59. (1791)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 288, страна 741 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Фабриката за стакло во Скопје и тоа: Стаменков Владо, директор, Ѓоко Пандов, шеф на стопанско-сметководниот сектор, и Милан Тасевски, шеф на сметководството, фабриката ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и Ковачевски инж. Здравко, технички раководител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 654/59. (1631)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 215 на страна 573 е запишано следното: Досегашните потписници на Претпријатието за извоз и увоз на тутун „Македонија“ — Скопје и тоа: инженер Ламбро Патче и Васко Дамевски во иднина нема да бидат потписници.

За нов потписник на претпријатието е назначен Михајло Прокопиев, раководител на материјалното книговодство. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Димитар Шекерински, Виктор Лашков, Милошевски Јордан, Митев Игнат и Гушевски Стерио.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 674/59. (1634)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 444, страна 121 е запишано следното: Благоја Ангелковски, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов директор на Тутуновиот комбинат — Скопје е назначен Јосип Денона, согласно со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода“ — Скопје бр. 135 од 12-V-1959 година. Тој комбинатот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 535/59. (1635)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 290, страна 747 е запишано следното: Досегашните потписници на Претпријатието за производство, извоз и промет на сите видови килими и народна ракотворба „Македонски фолклор“ — Скопје и тоа: Бењамин Самоковлија, директор, и Трајан Стаменковски, шеф на сметководството, се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на претпријатието се назначени следните лица: Абдула Селим, директор, назначен со решението на Народниот одбор на општината „Саат Кула“ — Скопје бр. 8546/1 од 4-VIII-1958 година, Добрила Душан, технички раководител, Јовановиќ Јосип, шеф на сметководството, Јамијан Вахрам, шеф на извозното одделение, и Никола Павлов, книговодител. Тие претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со стариот потписник Спасе Марковски.

Потписникот Хамза Исмаил е избришан со решението бр. 2490/56 од 5-XII-1956 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 670/59. (1636)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 587, страна 313 е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината „Кале“ — Скопје бр. 7282 од 2-VII-1959 година Перо Димитровски, досегашен раководител на Електромеханичкиот сервис — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в.д. директор на сервисот со горецитираното решение е назначен Благој Заковски, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 677/59. (1637)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 570, страна 203 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Трговското претпријатие за промет на големо и мало со железарски, метални, технички и електро-технички материјали „Скопски метал“ — Скопје и тоа: Синадиновски Јосифа Станимир, директор, Христовски Атанас Славко, шеф на сметководството, Кртолица Марко Милорад, секретар — правник, и Инчевски

Богдана Душко, раководител претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето и Пецаков Ѓорѓи Борис, самостоен книговодител и Петрова Столе Даринка. финансов книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 688/59. (1638)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 312, страна 815 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговскиот дуќан за индустриски стоки „Охридски бисер" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината „Кале" — Скопје бр. 154 од 26-XII-1958 год. е припоен кон Трговското претпријатие „Универзал" — Скопје, сметано од 1-I-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 685/59. (1640)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината „Кале" — Скопје бр. 154 од 26-XII-1958 година кон Претпријатието — трговски дуќан за индустриски стоки „Универзал" Скопје е припоен Трговскиот дуќан „Охридски бисер" — Скопје, сметано од 1-I-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 684/59. (1641)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 606 на страна 463 е запишано следното. Со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 01-1281 од 10-VIII-1959 година Михајло Карапанчев, досегашен в.д. директор на Занаетчиското техничко претпријатие „Минерва" — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување од 21-VIII-1959 година.

Со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 01-8116 од 10-VIII-1959 година за директор на претпријатието е назначен Александар Савевски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Миливое Меновски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 673/59. (1642)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 111, страна 307 е запишано следното: Арсовски Страте, досегашен директор на Книгоиздателството за уметничка литература „Кочо Рацин", Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 384/2 од 7-II-1959 година за директор на претпријатието е назначен Ацо Шопов. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник шеф на сметководството Панде Иванов Јаревски, сметано од 29-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 695/59. (1644)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 59, страна 201 е запишано следното: Досегашните потписници на Земјоделската задруга „Игно Јанев", с. Лисиче, Титоввелешко, и тоа: Станболциев Ангел, претседател на управниот одбор, Стојковски Ристо и Стојан Атанасов, книговодител, се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се назначени следните лица: Ѓошевски Трајче, книговодител, Димитрија Талевски, управник на задругата, и Димев Ордан, службеник.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 681/59. (1645)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 113, страна 471 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Чашка бр. 03-2568/1 од 22-VIII-1959 година, дејноста на Земјоделската задруга „Петре Ѓорчев", с. Попадија, Титоввелешка околија, во иднина се проширува и со трговија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 686/59. (1647)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 22, страна 83 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Искра", с. Герман, Крива Паланка, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Ранковци бр. 01-2854 од 1-VII-1959 година е припоена кон Земјоделската задруга „Славиште", с. Ранковци, Крива Паланка, сметано од 1-VII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 749/59. (1761)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 14, страна 53 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Ранковци бр. 01-2854 од 1-VII-1959 година, кон Земјоделската задруга „Славиште", с. Ранковци, Крива Паланка, се припојува Земјоделската задруга „Искра", с. Герман, Крива Паланка, сметано од 1-VII-1959 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 748/59. (1762)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 232, страна 673 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Теарце бр. 03-7938 од 18-VII-1959 година дејноста на Трговското претпријатие за промет со мешовито-индустриски стоки на мало и селскостопански производи на мало и големо „Бистрица", с. Теарце, Тетовско, се менува и во иднина е: продажба на крзнена стока, железарска стока и прибор, музички инструменти, радиоапарати и прибор, саа-

ти и производи од племенити метали, градежен материјал, намештај, животни намирници и предмети за домашна потреба, деликатесни производи, тутунови производи, мешовита индустриска стока и дрогериска стока.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 660/59. (1667)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 201, страна 553 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието за откуп и промет со житарици, ориз и грав „Жито Полог", Тетово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Тетово бр. 04-7777/1 од 11-IX-1959 година се припојува како погон кон Претпријатието за промет и преработка на жито, ориз и грав „Жито Македонија", Скопје, сметано од 11-IX-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 599/59. (1668)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 223, страна 679 е запишано следното: Хамза Бецет Хамзовски, досегашен книговодител на Столарското претпријатие „Бор", Тетово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За книговодител е назначен Ѓорѓе Симовски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Чедо Јефтовски, сметано од 10-VIII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 661/59. (1669)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-VIII-1959 година под рег. бр. 202/55, свеска I е запишана промената на фирмата и дејноста на Претпријатието „Ауторемонт" од Битола и тоа како следува:

1) Претпријатието отсега ќе ја носи следната фирма: Претпријатие за поправка на моторни возила, земјоградежни машини и каросерии „Авторемонт" — Битола.

2) Претпријатието под горната фирма во иднина ќе ја обавува следната дејност: поправка на моторни возила, земјоделски и градежни машини, и изработка и поправка на каросерии.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 375/59. (1693)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 19-VIII-1959 година под рег. бр. 2/55, свеска I е запишано следното: Досегашниот назив на Земјоделската задруга „Коле Канински", с. Канино, Битолско, се менува и во иднина задругата ќе го носи следниот назив: Земјоделска задруга за заедничка обработка на земја „Коле Канински", с. Канино, Битолско.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 357/59. (1694)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 12-VIII-1959 година под рег. бр. 46/55, свеска I е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на лицето Ристо Ристевски. Отсега Земјоделската задруга „Илинден", с. Старавина, Мариовско, ќе ја потпишуваат лицата Стојовски Трајко и Митревски Митре.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 348/59. (1695)

---

